# „СТРАТЕГИЈА ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 2023-2026“

-Стратегиски документ-

Битола, 2023 година

# „Стратегија за социјални претпријатија 2023-2026“

## ЛИСТА СО КРАТЕНИЦИ

GEM (Global Entrepreneurship Monitor)- Глобален монитор за претприемништво
ДОО- Друштво со ограничена одговорност
Д.О.О.Е.Л.- Друштво со ограничена одговорност на едно лице
ЕК- Европска Комисија
ЕУ- Европска Унија
EaSi- Програма на ЕУ за вработување и социјални иновации
ESF- Европски Социјален Фонд
EuSEF- Европски Фонд за Социјални претприемачи
EMES- Интернационална истражувачка мрежа за социјални претпријатија
ИПА- Инструмент за претпристапна помош
МОН- Министерство за образование и наука
МТСП- Министерство за труд и социјална политика
РСМ- Република Северна Македонија
SBI (Social Business Initiative)- Иницијатива за социјални бизниси

## СОДРЖИНА

Листа со скратеници
Содржина
Вовед
1. Контекст на националните политики
2. Социјалните претпријатија и глобалните цели за одржлив развој
3. Еко-систем на социјалните претпријатија
4. Методологија
5. Стратегиска рамка
    5.1. Визија, мисија и цели
    5.2. Стратегиски приоритети
6. Акционен план
7. Евалуација и мониторинг
Појмовник
Користена литература

# ВОВЕД

„Стратегијата за развој на социјалните претпријатија 2023-2026“ претставува суштински документ за создавање на рамка за политики кои се однесуваат на социјалните претпријатија. Главната цел на стратегијата е да се поттикне создавањето и развојот на социјалните претпријатија во општина Битола преку воспоставување на поддржувачка институционална и финансиска средина. Предложените стратегиските приоритети и мерки имаат за цел да ја развијат и подобрат законско- институционалната рамка, да воспостават соодветна рамка за финансирање на социјалните претпријатија, да го промовираат социјалното претприемништво и да ја зголемат видливоста на социјалните претпријатија. Целокупната имплементација на локалната стратегија се потпира на пристапот на колаборација, здружувајќи ги сите засегнати страни.

Стратегијата за развој на социјалните претпријатија ги дефинира основните цели и активности за периодот 2023-2026 година, за да создаде институционална рамка за развој на социјалното претприемништво во општина Битола, како и состав на мерките и активностите за развој на социјални претприемачи. Целта на Локалната стратегија е создавање на опкружување кое ќе го поттикнува развојот на социјалните претпријатија и социјалното претприемништво, поддршка на социјалните претприемачи, дефинирање на критериумите за препознавање и развој на социјалните претпријатија и претприемачи. Социјалното претприемништво како нов начин на делување претставува подрачје каде се преклопува претприемачката практика од деловниот свет и вредностите тесно поврзани со општествената одговорност и начелата на заштита на средината. Социјалното претприемништво може значајно да придонесе за остварување на стратешките цели, особено социјалната кохезија, борбата против сиромаштијата и зголемување на вработливоста, развој на нови производи, постигнување конкурентност, заштита на животната средина и природните ресурси, како и унапредување на квалитетот на животот преку работење за општествена благосостојба. ЕУ го препознала значењето на социјалното претприемништво како еден од клучните елементи за решавање на моменталните социјални и економски проблеми. Едно од темелните начела во реализацијата на јавните политики е партнерството. Секоја јавна политика опфаќа голем број соработници од државниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Поради своите социјални цели, социјалниот претприемач е сојузник на телата на локалната самоуправа во реализацијата на низа на општествени цели.

Првата локална стратегија за развој на социјалните претпријатија е концептуализирана врз основа на постојните истражувања во оваа сфера, реализирани од страна на различните чинители. Истата претставува прв обид да се даде стратегиска насока за долгорочен развој на социјалните претпријатија во општина Битола.

Македонското општество веќе долго време се соочува со општествените предизвици кои се резултат на долгиот процес на транзиција. Таквите предизвици се рефлектираат во сите сфери на општественото живеење, оставајќи последици врз економскиот живот и квалитетот на живот на граѓаните. Ваквите предизвици со кои се соочува македонското општество се рефлектираат и се чувствуваат и на локално ниво. Нефлексибилноста на пазарот на труд, стапката на сиромаштија, социјалната исклученост, невработеноста, нерамномерниот регионален развој, миграциите на населението, предизвиците за

заштита на животната средина и одржливиот развој сеуште останувaат предизвик не само за општините, туку и за Република Северна Македонија како една целина. Оттука се наметна интересот за социјалното претприемништво стана императив за социјални промени, но, и круцијален фактор за благосостојба на општествата. Социјалното претприемништво се појави како глобален феномен предводен од новиот вид на прагматични, иновативни и социјални активисти со визија, барајќи социјални промени и социјален импакт преку комбинација на алатките од бизнис практиката, социјалната работа и добротворните цели за да доведат до трајни социјални промени.

Во Европа околу 2,8 милиони социјални претпријатија, вработуваат 13,6 милиони луѓе. 8% од ЕУ БДП придонесува за квалитет на работните места, инклузија, иновации, демократија, одржлив развој, социјална заштита, солидарност, родова еднаквост, еколошка транзиција и кохезија. Уделот на социјалната економија кај платеното вработување варира меѓу 0,6% и 9,9% низ земјите членки на ЕУ. ЕК го промовира социјалното и инклузивно претприемништво поради важната улога во креирањето на работни места, работната интеграција и инклузивниот и одржлив раст.

# 1. КОНТЕКСТ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ

Се позначајната улога на социјалните претпријатија во развојот на локалните заедници и нивната одржливост го насочува интересот на различните актери да го разберат начинот на кој социјалните претпријатија го организираат својот процес на работа, креираат односи во заедницата и конечно остваруваат значајна промена во општеството. Отсуството на едноставна дефиниција и одредување на социјалните претпријатија, како и социјалното претприемништво предизвикува тешко прифаќање но, од друга страна отвора вреден простор, регулацијата на овој сектор да се направи врз основа на локалната практика и потреба.

Изминатата деценија во Европската Унија одбележани се различни иницијативи кои придонесуваат за креирање на одржлив и поттикнувачки екосистем за развој на социјалните претпријатија. Низ државите се донесени нови (закони) за социјалните претпријатија и/или социјалната економија, но, и голем број од државите низ ЕУ имаат развиено програми за развој на социјалните претпријатија. Ваквите интервенции отворија важно прашање за мерење на влијанието на овој сектор врз развојот на заедницата во која делуваат и конечно да се направи обид да се утврди бројот на овие актери на национално ниво и на ниво на ЕУ. Се смета дека со постоењето на овие податоци многу подобро би можело да се одговори на потребите на секторот и на адекватен начин да се направи разлика помеѓу социјалните претпријатија и сите други профитни и непрофитни субјекти. Како и за време на финансиската криза и со КОВИД-19 пандемијата, секторот на социјалната економија покажа значајна отпорност од останатите сектори, поради тоа што тие секогаш се насочени кон решавање на проблеми, така и поради структурата на изворот на приходи, и од пазарот и од донации. Со повеќе институционално знаење, добро би било да се подготват низа на програми кои дополнително би ги зајакнале социјалните претпријатија.

При дефинирањето на социјалните претпријатија постојат определени ограничувања кои произлегуваат од непостоењето на законска рамка за социјални претпријатие и немањето општоприфатена дефиниција за социјално претпријатие. Во нашата држава, сеуште се наметнува прашањето кои претпријатија се категоризираат како социјални претпријатија и кои се нивните карактеристики.

За потребите на стратегијата, се користи дефиницијата која е дадена во Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2024), како најважен документ за јавни политики, која гласи: „Социјално претпријатие се дефинира како оператор во социјалната економија чија главна цел е да има општествено влијание преку обезбедување на добра и услуги на пазарот на иновативен и претприемачки начин и својата добивка ја користи првенствено за да оствари општествени цели, а со него се управува партиципативно со вклучување на вработените, потрошувачите и заинтересираните страни кои се под влијание на неговите активности. Терминот општествена цел се разгледува во поширока смисла и вклучува обезбедување на културни, здравствени и образовни услуги, како и услуги за заштита на животната средина. Преку промовирањето на општиот интерес социјалните претпријатија ја надминуваат традиционалната ориентација кон сопствениците и

акционерите. Во случај кога станува збор за производ, социјалното претпријатие мора да обезбеди производ/услуга кој има општествена вредност“.[1]

Основните димензии околу кои треба да се изгради концептот на социјалното претприемаштво се:[2]

- ✓ Социјална мисија.
- ✓ Социјална иновација.
- ✓ Социјална промена.
- ✓ Претприемачки дух.
- ✓ Личност.

Непостоењето на законска регулатива и дефиниција, предизвикува и тешкотии за самите социјални претприемачи да ги класифицираат своите правни ентитети (здруженија, асоцијации, мали компании, задруги, занаетчии итн.) како социјални претпријатија и да ги препознаат нивните основни елементи.

Дефиницијата на социјалните претпријатија која се предлага во рамките на оваа методологија одговара на одредувањето предложено од страна на Европската комисија: „Социјално претпријатие е субјект во социјалната економија чија главна цел е да оствари социјално влијание, пред да оствари профит за своите сопственици и акционери. Тоа делува на тој начин што произведува производи и/или услуги на пазарот на претприемачки и иновативен начин и својата добивка ја користи првенствено за постигнување на општествените цели. Со него се управува на отворен и одговорен начин и посебно, преку вклучување на вработените, купувачите и другите актери опфатени со неговите комерцијални активности“.

Ваквата дефиниција овозможува да се развијат јасни критериуми за оценка на некој ентитет како социјално претпријатие и да се направи негова јасна дистинкција во однос на традиционалните профитни и непрофитни претпријатија.

Концептот на социјалните претпријатија на национално и на локално ниво се појавува само како дел од јавните политики, но, препознавањето на социјалните претпријатија е далеку од соодветен и стратегиски. Владата, прв пат во својата програма за работа (2017-2020) го воведува социјалното претприемништво, предвидувајќи закон за социјално претприемништво преку кој ќе се олесни пристапот до пазарот на труд за социјално ранливи категории на граѓани.[3] Исто така, концептот на социјалното претприемништво е застапен како дел од други национални стратегии и стратешки документи. Постојната законска регулатива не ги препознава и не ги регулира социјалните претпријатија и социјалното претприемништво бидејќи сеуште не постои заедничко разбирање за концептите. Ентитетите што го сочинуваат спектарот на социјалните претпријатија се разновидни. И покрај отсуството на специфични правни форми за социјалните

---

[1] Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2024). Достапна на: [ФИНАЛНА ВЕРЗИЈА NACIONALNA STRATEGIJA ZA SP 09112020.pdf (mtsp.gov.mk)]

[2] Ришард Прашкер, Анджеј Новак, Социјално претприемаштво, теорија и практика, (Скопје: Арс Ламина, 2012)

[3] Климентина Илијевски и Александра Илоска, Анализа на капацитетите на социјалните претпријатија во Северна Македонија Студија за политиките, Паблик со поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), Скопје, 2019;

претпријатија, дел од постојните законски акти овозможуваат основање и функционирање на ентитети што може да се препознаат како социјални претпријатија, како, на пример, граѓански организации и фондации, кооперативи, заштитни друштва, комори на занаетчии, земјоделски задруги и сл. Во однос на обезбедувањето социјални услуги се овозможува вклучување на локалната самоуправа, како и на здруженијата на граѓани, физички лица и на приватниот сектор во обезбедувањето и давањето услуги во заедницата. Всушност, сите овие услуги претставуваат можност за развој на нови социјални претпријатија, кои би ги задоволувале потребите од услуги на локално ниво. Се очекува реформите на ниво на јавните политики да имаат ефект врз екосистемот во кој функционираат социјалните претпријатија во земјава. Но, во моментов, тие егзистираат во неразвиен екосистем во кој отсуствуваат капацитети да се адресираат тековните предизвици и пречки на социјалните претпријатија. Согласно Иницијативата за социјални бизниси (SBI), социјалното претпријатие е претпријатие:

- ✓ Чија примарна цел да се постигне општествено влијание наместо да генерира добивка за сопствениците и акционерите;
- ✓ Кое ја користи добивката главно за постигнување на општествените цели;
- ✓ Каде се управува на одговорен, транспарентен и иновативен начин, особено со вклучување на вработени, клиенти и засегнати страни.

Оваа дефиниција ги истакнува клучните карактеристики на социјалните претпријатија во три димензии:

- ✓ Претприемачка димензија,
- ✓ Социјална димензија,
- ✓ Димензија во однос на структурата на управување.

Претприемачкиот екосистем претставува економска, општествена и политичка околина која го поддржува процесот на претприемништво. Во основа, претприемничкиот екосистем го сочинуваат сите оние чинители (поединци, организации, институции) кои колективно и системски придонесуваат за поттикнувањето и развојот на претприемништвото. Домени на претприемнички екосистем се: соодветна култура, пристап до финансии, квалитетен човечки капитал, соодветен пазар, институционална поддршка итн.[4] Концептот на претприемнички екосистем се однесува на потребата за колективно и систематско делување со цел поттикнување и развој на претприемништвото.

Конкретно, во Република Северна Македонија надлежноста за креирањето и следењето на имплементацијата на претприемачкиот екосистем и претприемничките практики ја има Министерството за економија во чии рамки функционира секторот за претприемништво и конкурентност. Во таа функција се и неколку државни институции како што се: Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Македонија,[5]

[4]Повеќе кај: Isenberg Daniel, *The entrepreneurship ecosystem strategy as a new paradigm for economy policy: principles for cultivating entrepreneurship*, Babson Entrepreneurship Ecosystem Project, Babson College, 2011.
[5]Националната агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија започна со работа во 2004 година, откако во 2003 година беше усвоен Законот за основање на Агенцијата. Со тоа се изврши трансформирање на Националната агенција за развој на мали и средни претпријатија или НЕПА во Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ). За ова повеќе на: http://www.apprm.gov.mk.

Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој,[6] Агенцијата за вработување,[7] Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје,[8] Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР),[9] Управа за јавни приходи, Централен регистар, како и други релевантни институции и организации во државата (други министерства, универзитети, стопански комори, општини, бизнис инкубатори итн.). Кога станува збор за социјалното претприемништво и социјалните претпријатија треба да се нагласи дека тие немаат за цел само да создаваат нови економски вредности, туку мора постојано да се истакнува и нивната етичка основа во пазарните односи. Затоа покрај погоре споменатите институции, тука важни се и невладините организации, но и верските установи.

Невладините (граѓанските) организации, како и непрофитните задруги (земјоделски, младински, занаетчиски), се непрофитни организации кои средствата за нивно финансирање ги стекнуваат од членарини, основачки влогови, доброволни прилози, донации, подароци, од државен или општински буџет, дејности со кои се стекнува добивка итн. ,,Законот за здруженија и фондации" предвидува дека граѓанските организации имаат даночни и царински олеснувања во согласност со закон.[10] Овде треба да се истакне и важноста на „Законот за волонтерство" од 2007 година преку кој граѓанските организации во Република Северна Македонија имаат можност да развиваат сопствени иницијативи базирани на нивните програмски потреби, формирање меѓународни и локални волонтерски центри, размена на волонтери, организирање волонтерски акции, организирање промотивни настани итн.[11] Притоа, волонтирањето претставува организирано доброволно давање услуги или извршување активности од општ интерес, за општо добро или за добро на друго лице, без исплата на парична надокнада или побарување на друга имотна корист, освен ако со закон не е поинаку определено.

Со ,,Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група" се уредуваат прашањата поврзани со основањето и правниот статус на црквата, верската заедница и религиозната група.[12] Црква, верска заедница и религиозна група можат да основаат хуманитарни, културни, социјални, здравствени, добротворни и друг вид

---

[6]Оваа агенција е формирана во 2007 година поради поуспешна реализација на мерките на земјоделската политика и политиката на рурален развој во Република Македонија (за ова повеќе на следниот линк: https://ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp).

[7]Преку Агенцијата за вработување се спроведуваат повеќе програми, кои го фаворизираат претприемништвото и самовработувањето и тоа: програма за самовработување, програма за поддршка на формализирање на постојните бизниси, едукација за започнување на бизнис, економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство итн (за ова повеќе на: https://av.gov.mk).

[8]Оваа банка е основана во 1998 година како Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР) и е во целосна сопственост на Република Македонија. Главната цел на оваа банка е обезбедување на финансиска поддршка на извозно ориентираните мали и средни претпријатија (https://www.mbdp.com.mk/mk). Интересно е да се истакне дека оваа банка е правена според теркот на германската државна Кредитна институција за реконструкција или KfW (герм. Kreditanstalt für Wiederaufbau).

[9]Фондот за иновации и технолошки развој е водечка владина институција за поддршка на стартапи и иновативни претпријатија кај нас (https://fitr.mk).

[10]Даночните олеснувања за граѓанските организации во Република Македонија се дефинирани со законите за данок на добивка, персонален данок на доход, данок на додадена вредност итн.

[11],,Закон за волонтерство", Службен весник на Република Македонија, бр. 85/2007.

[12],,Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група", Службен весник на Република Македонија бр. 113/2007 и 104/2009.

установи во постапка и под услови утврдени со закон. На овој начин, овие организации вршат услуги во социјалната сфера. Помошта што во рамките на црквите, џамиите и другите верски објекти им се дава на граѓаните е облик на непрофитно дејствување со социјални цели што може да носи облик на дејствување во социјалната економија. Во „Законот за сметководство на непрофитните организации"[13] се уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, изготвувањето финансиски извештаи, доставувањето на финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководственото работење на здруженија на граѓани и фондации, политички партии, верски заедници, странски невладини организации, синдикати и други правни лица основани со посебни прописи во нашата држава.[14] Овде треба да се истакне и тоа дека важноста на социјалните претпријатија се гледа во тоа што создаваат нови работни места, ја подобруваат социјалнат вклученост и генерираат социјален капитал, но, исто така, тие создаваат социјална вредност и придонесуваат кон остварувањето на целите на јавните политики.[15] Токму поради целото ова, властите на сите нивоа мораат да бидат свесни за недвосмислената позитивна општествена улога на социјалните претпријатија и активно да работат на намалувањето на различните бариери со кои овие претпријатија се соочуваат и истовремено да креираат екосистем на социјалното претприемништво кој ќе овозможи нивен развој. Во тој контекст, треба да се истакне дека ниту едно социјално претпријатие не може изолирано да функционира и самостојно да постигне задоволителни резултати без да има поддршка од разни организации и институции како добавувачи, вработени, потрошувачи, инвеститори, волонтери, конкуренти, медиуми, државни институции, јавни претпријатија, универзитети, финансиски институции, здравствени установи, политички партии, стопански комори, синдикати, непрофитни организации, верски заедници итн., кои со својата работа и постоење го овозможуваат неговото функционирање.

Развојот на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во Република Северна Македонија е поврзан со случувањата во граѓанскиот сектор, како што се ограничената финансиска поддршка за услугите што ги обезбедуваат, децентрализацијата и деинституционализацијата на системот за социјална заштита, поволната правна и институционална рамка, зголемената финансиска поддршка за развој на социјални услуги кои ги обезбедува државата и влијанието на меѓународната донаторска заедница врз можностите за финансирање. Во ваков контекст, социјалното

---

[13]„Закон за сметководство на непрофитните организации", Службен весник на Република Македонија бр. 24/2003.

[14]Сите овие организации се должни да водат сметководство според системот на двојно сметководство со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, навремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите, расходите и резултатите од работењето.

[15]Кога станува збор за социјалната вредност може да се каже дека во суштина луѓето знаат колу чинат нештата (нивната цена), но не ја знаат нивната вредност. На пример, сите ја знаат вредноста на своите недвижнини или, пак, вредноста при инвестирање во хартии од вредност и очекуваното ниво на враќање на инвестицијата, но, не секој знае како да ја пресмета вредноста кога се инвестира времето во своите деца, пријатели или заедницата во која живее.

претприемништво се појави како нова област која во последната деценија го привлече вниманието и истражувачките активности на граѓанското општество и академските институции.

Министерството за труд и социјална политика на 28.07.2015 година ја објави првата нацрт-верзија на Законот за социјално претприемништво, закон кој се очекува да ги регулира принципите, формите и активностите во областа на социјалното претприемништво, критериумите за основање и за управување социјално претпријатие, како и механизмите за мониторинг и за евалуација на социјалните претпријатија. Оваа нацрт-законска рамка го дефинираше социјалното претпријатие како правно лице, чијашто примарна цел е да постигне општествено влијание и да оствари социјално односно општествено насочени цели, а чијшто остварен профит треба да се реинвестира за остварување на целите преку работење и вложување во општеството, место кон остварување максимален профит за акционерите и  за основачите.

Со цел да се зајакнат политиките за поддршка на преодот кон поправедна, поинклузивна, партиципативна и одржлива економија и општество, Владата на Република Северна Македонија, во својата Програма за работа за 2021 година предвиде подготовка и усвојување на Национална стратегија за Развој на социјални претпријатија, Акциски план за Националната стратегија за развој на социјални претпријатија, Закон за социјално претприемништво и формирање на „центри за поддршка на социјалното претприемништво. Во тој контекст, Министерството за труд и социјална политика формираше работна група за креирање политики и законска регулатива за социјално претприемништво. Во работната група беа вклучени претставници на Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за правда, Агенцијата за поттикнување на претприемништвото, Фондот за иновации и технолошки развој, Управата за јавни приходи, Централниот регистар, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Мрежата на социјални претпријатија на Северна Македонија, Стартап советот, Бизнис конфедерација на Северна Македонија, Универзитетот Св. Кирил и Методиј, граѓанските организации и други пионери во областа на социјалното претприемништво. Понатаму, македонската Влада за прв пат го воведе концептот на социјални претпријатија во Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор за 2012-2017 година. Тоа беше првата национална политика што беше експлицитно посветена на развојот на социјалната економија и содржеше мерки за подигнување на свеста за социјалното претприемништво меѓу граѓанските организации, за донесување Закон за социјално претприемништво и за развој на правно опкружување за социјално претприемништво. Владата, во својата Програма (2017-2020) ги идентификуваше социјалните  претпријатија како олеснувачи на преминот на ранливите категории граѓани од социјално исклучување кон отворениот пазар на труд. Македонската Влада ја потврди оваа позиција и постојаните напори за развој на ова поле и во сегашната Програмата на Владата (2020-2024). Покрај тоа, социјалното претприемништво и социјалните претпријатија се застапени и во други стратешки документи, како што се:[16]

[16]Министерство за труд и социјална политика, *Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна македонија (2021-2027)*, Скопје, 2021, стр. 20-21.

● Националната стратегија за деинституционализација на Република Северна Македонија за 2018–2027 година,

● Националната стратегија за мали и средни претпријатија (2018-2023),

● Стратегијата за развој на женско претприемништво во Република Северна Македонија (2019-2023),

● Среднорочната стратегија за општествена одговорност на претпријатијата во Република Северна Македонија (2019-2023),

● Ревидираната Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 3033,

● Програмата за економски реформи 2021-2023,

● Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија 2021-2023-2025.

Во новиот ,,Закон за социјална заштита", Владата предвидува поголемо ангажирање на единиците на локалната самоуправа за развој и обезбедување социјални услуги и предвидува локалната самоуправа - општините, здруженијата, поединците и приватните лица да бидат даватели на социјални услуги.[17] Ова им нуди можност на социјалните претпријатија да развиваат социјални услуги на локално ниво. Исто така, овие реформи во јавните политики се очекува да влијаат и врз екосистемот во кој работат социјалните претпријатија во земјата.

Овде треба да се има во предвид и тоа дека со „Законот за локална самоуправа" се уредуваат надлежностите и функционирањето на единиците на локалната самоуправа односно на општините во Република Северна Македонија.[18] Со законот се уредуваат и регулираат повеќе прашања меѓу кои се и: организацијата и работата на органите на општината, надзорот, финансирањето, механизмите на соработка, месната самоуправа, како и други прашања од областа на локалната самоуправа односно на општините. Со донесувањето на овој закон се создаде правната основа за процесот на децентрализација на власта и пренесување на дел од функциите кои ги извршува централната власт врз општините. Со тоа општините добиваат изворни ингеренции за уредување прашања од локален интерес односно за вршење надлежности пропишани со закон. Во тие рамки се и уредувањето и вршењето на работите од јавен интерес од локално значење. Со тоа општините, а во тие рамки и општина Битола, стануваат одговорни субјекти за остварувањето на правата на граѓаните и за нивно непосредно учество во одлучувањето за работи од јавен интерес, а кои се од локално значење. За функционирање на економијата и за поттикнување на претприемништвото во доменот на локалната самоуправа се определени ингеренции и надлежности со кои се овозможува поттикнување на локалниот економски развој, како и развојот на микро, мали, средни и социјални претпријатија. Овие ингеренции и надлежности опфаќаат: планирање на локалниот економски развој, водење локална економска политика, утврдување на развојните и структурните приоритети, поддршка на развојот на микро, малите, средните и социјалните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, и во

[17],,Закон за социјална заштита", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/2019.
[18],,Закон за локална самоуправа", Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002.

тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локална мрежа на институции за промовирање на партнерства и соработки.
Со Законот за локалната самоуправа е предвидено општината да обезбедува сопствени приходи од локални даноци, надоместоци и такси утврдени со закон. Со ова е создаваат услови за водење на економско поттикнување на растот и развојот на локално ниво. Тоа значи дека извршувањето на надлежностите на општината ќе се алиментира во голем дел од овие приходи поради што и локалната самоуправа ќе има интерес за побрз економски раст и развој базиран на поттикнување на микро, мали, средни и социјални претпријатија.
На ниво на општина Битола, постојат следните документи кои се поврзуваат со доменот на работата на социјалните претпријатија.
**Стратегија за локален развој на општина Битола.** Приоритетни области на стратегијата за локален развој на општина Битола се: економски развој, туризам, социјална заштита и заштита на животната средина. Имплементацијата на стратегијата вклучува реализација на 9 стратешки цели и 22 специфични цели во областите: економски развој, туризам, социјална заштита и заштита на животната средина.
Стратешки цели во областа на **економски развој** се:
1. Подобрување на социо- економската положба на населението (креирање на нови работни места преку поддршка на МСП и подобрување на конкурентноста, иновации и претприемништво во општина Битола, создавање услови за развој и унапредување на индивидуалното земјоделство и руралниот развој).
2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи кои придонесуваат за развој на општината (развој на обновливи извори на енергија, подобрување на инфраструктурата во општината).
3. Развивање на меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка (поттикнување на меѓусебна соработка на општините во Пелагонискиот регион, подобрено искористување на претпристапната помош од страна на ЕУ).
Стратешки цели во областа на **туризам** се:
1. Формирање на систем за управување со туризмот во општина Битола (формирање на координативна структура за развој на туризмот во Битола, вклучување на сите засегнати страни во процесот на планирање и управување на туризмот во општината).
2. Битола- препознатлива туристичка дестинација (подобрување на промоцијата на туризмот преку креирање на атрактивни туристички пакети, продуцирање на нови работни места во туризмот, изградба на туристичка инфраструктура).
Стратешки цели во областа на **социјална заштита** се:
1. Еднакви можности, социјална инклузија и нулта дискриминација (еднаков пристап и право на квалитетен живот, работа, домување, здравствена заштита, образование, култура за сите жители на општина Битола, подигнување на јавната свест, толеранцијата и општествената одговорност на секој поединец, стопански субјект и институциите, проактивно и ангажирано вклучување на општината со сите расположливи капацитети: објекти, финансии, логистика, стручна поддршка и координација на активностите).
Стратешки цели во областа на **заштита на животната средина** се:
1. Подобрување на квалитетот на животната средина на сите медиуми (подобрување на квалитетот на воздухот, подобрување на квалитетот на водата, подобрување на

квалитетот на почвата, следење на имплементирани законски регулативи и усогласување со истите, погигнување на еко свеста).
2. Одржлив развој на системи за заштита на животната средина (воспоставување на систем за управување со отпадот, заштита на природното богатство.
Стратешки цели во областа на **организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти** се:
1. Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти (мапирање на локалните приоритети на општината, изготвување на проекти, аплицирање на проекти и нивна реализација).
**Социјален план на општина Битола (2021-2024).** Со програмата за социјална заштита, општина Битола се стреми кон намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост преку јакнење на капацитетите на лицата од ранливи категории и нивна инклузија во секојдневието на општината. Програмата за социјална заштита дефинира повеќе приоритетни активности од областа на социјалната заштита на граѓаните на Битола, кои имаат цел да придонесат за унапредување на целокупната социо- еконмска и здравствена положба на граѓаните на Општина Битола. Социјалната заштита како основен темел е составен дел на буџетот на општината за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, лицата на улица, Ромите, односно, сите оние кои се изложени на социјален ризик од било каков вид кој може да има последици врз нивната благосостојба. Со реализацијата на овој социјален план, општина Битола ја прилагодува својата работа за секој граѓанин и се труди да му обезбеди квалитетен живот со почитување на принципите на правда, еднаквост и почитување на човековите права, а гарантира дека социјалните услуги се навремени, насочени и достапни за сите. Документот ќе придонесе кон систематско подобрување на социјалните услуги обезбедени со минимални административни барања и ефективна меѓусекторска соработка и нивно континуирано прилагодување кон индивидуалните потреби на граѓаните и стандардите за квалитет на социјалните услуги.
**Акциски план на Локално економско- социјален совет на општина Битола**, чии приоритетни области на работење произлегуваат од функцијата и улогата на ЛЕСС и вклучуваат реализација на индивидуални цели и програми во областа на економијата, образование и социјални работи. Стратешките цели на ЛЕСС Битола се:

- ✓ Подобрување на социо- економската положба на населението;
- ✓ Создавање на услови за поврзување на пазарот на труд со образовниот, јавниот и бизнис секторот;
- ✓ Социјално вклучување на ранливите категории;
- ✓ Подобрување на препознатливоста на ЛЕСС Битола;

**Локална стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола.** Поради очигледниот факт дека Ромската заедница претставува една од најмаргинализираните заедници во општина Битола, се наметна потребата од креирање на системски решенија за подобрување на статусот на Ромската заедница и поттикнување на социјална, културна и политичка инклузија на Ромите која што ќе им овозможи ефикасен пристап во областите каде што се ранливи. За да се постигне оваа цел, стратешкиот документ нуди системски солуции,

во чија основа е втемелен ставот дека претприемништвото може да се научи и претприемачите може да се создадат.

Локалната стратегија за намалување на младинската невработеност кај Ромите преку претприемништво во општина Битола опфаќа три приоритетни области и тоа:

**1. Приоритетна област 1**: Креирање на колаборативна средина за развој на претприемништвото кај младите Роми;

**2. Приоритетна област 2:** Развој на можности за претприемачко учење кај младите Роми; и

**3. Приоритетна област 3**: Иницијативи за подигнување на свеста за претприемништво кај младите Роми.

Други програми и планови за работа во општина Битола се:

1. Програма за еднакви можности.
2. Програма за економски развој.
3. Програма за образование.
4. Програма за социјална заштита.
5. Локален акционен план за еднакви можности и недискриминација.

## 2. СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ГЛОБАЛНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Во член 1 став 1 од Уставот на нашата држава е наведено дека: „Република Северна Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава и дека секој граѓанин има еднакви можности и права."[19] Исто така, стои дека претприемништвото претставува уставна категорија. Во член 55 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија е наведено дека: „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото."[20] Во член 55 став 3 од Уставот е предвидено дека: „Слободата на пазарот и претприемништвото може да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето."[21] Оттука, произлегува дека двете основни компоненти на социјалното претприемништво: и „социјално", и „претприемништво", се уставни категории. Со ова, во голема мерка е олеснет пристапот во определувањето на системските основи за регулирање на прашањата поврзани со социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во нашата држава. Понатаму, во уставот е предвидено државата да се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните и согласно со начелата на социјална праведност се гарантира правото на помош на немоќните и неспособните за работа граѓани и се обезбедува посебна заштита за инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.[22] Притоа, треба да се истакне дека

[19]https://www.sobranie.mk/content/Odluki USTAV/UstavSRSM.pdf.

[20]Ибид.

[21]Ибид.

[22]За оваа цел се донесени следните закони: „Законот за вработување инвалидни лица" (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15, 147/15 и 27/16), „Законот за инвалидски организации" (Службен весник на Република

социјалната заштита и социјалната сигурност се засноваат на начелата на хуманизам, социјална праведност и солидарност, ефикасност и ефективност во остварувањето на правата утврдени со закон, недискриминација по ниту една основа за граѓаните во остварување и користење на правата. Социјалната сигурност се однесува, пред сѐ, на услугите што се обезбедуваат од социјалната држава во повеќе видови и форми наменети за заштита на граѓаните. Притоа, покрај формите на социјална заштита, социјалната сигурност опфаќа и заштита од сиромаштија, старост, невработеност, попреченост, помош за бездомни, помош за семејства со повеќе деца итн. Социјалното осигурување преку користите што се обезбедуваат, приходите кои се добиваат по разни основи за покривање на ризиците, како и услугите што се обезбедуваат од страна на државата по разни основи (образование, здравствена заштита, детска заштита, сместување, исхрана, облекување итн.) ја прават целината на сигурноста како основно човеково право. Овој пристап базира на одредбите на Универзалната декларација за човекови права на Организацијата на обединетите нации (ООН) од 1948 година кадешто е предвидено дека секој, како член на општеството, има право на социјална сигурност. Оваа Декларација, која е ратификувана кај нас, е дел од нашиот правен поредок поради што се наметнува потребата за нагласено изразување на формите и елементите на социјална сигурност кои се присутни и кои се доведуваат во врска со социјалниот развој. Во овие рамки спаѓа и Меѓународниот пакт за економските, социјалните и културните права на ООН, кој, исто така, е ратификуван во Македонското Собрание, како и Ревидираната европска социјална повелба на Советот на Европа. Исто така, и во Милениумските развојни цели на ООН, прашањето на социјалната сигурност и намалувањето на сиромаштијата, се дел од обврските за постигнување на достојно вработување, посебно за сиромашните, младите и на лицата во состојба на ризик. Денес, Милениумските развојни цели, чијшто временски период на исполнување заврши на крајот од 2015 година, се заменети со Глобалните цели за одржлив развој кои треба да се спроведат до 2030 година.[23]

**Табела 1. Глобални цели за одржлив развој на ООН[24]**

| ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ | КРАТОК ОПИС |
|---|---|
| Цел 1: Да нема сиромаштија. | Ова претпоставува да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми и насекаде. |
| Цел 2: Нула глад. | Ова претпоставува да нема повеќе глад, подобрување на исхраната и одржливо земјоделство. |
| Цел 3: Добро здравје и благосостојба. | Ова претпоставува здрав живот и благосостојба за сите на сите возрасти. |

Македонија бр. 89/2008, 59/2012 и 23/2013), а одделни прашања од оваа сфера се регулирани со „Законот за социјална заштита" (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 104/2019).

[23]Одржливиот развој претставува усогласен однос помеѓу економијата и екологијата во насока на тоа да се сочува природното богатство и здравата животна средина за идните генерации.

[24]За ова повеќе на: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs.

| | |
|---|---|
| Цел 4: Квалитетно образование. | Ова претпоставува квалитетно и инклузивно образование за сите и промовирање на можностите за доживотно учење за сите. |
| Цел 5: Родова еднаквост. | Ова претпоставува постигнување на родова еднаквост и еманципација на жените и девојчињата. |
| Цел 6: Чиста вода и санитарни услови. | Ова претпоставува пристап до чиста вода за пиење и пристојни санитарни услови за сите. |
| Цел 7: Достапна и обновлива енергија. | Ова претпоставува пристап до чиста, сигурна, одржлива и современа енергија за сите насекаде во светот. |
| Цел 8: Достоинствено вработување и економски раст. | Ова претпоставува инклузивен и одржлив економски раст, вработување и пристојна работа за сите. |
| Цел 9: Индустрија, иновација и инфраструктура. | Ова претпоставува квалитетна инфраструктура, одржлива индустријализација и поттикнување на иновации. |
| Цел 10: Намалена нееднаквост. | Ова претпоставува намалување на нееднаквоста во земјите и помеѓу земјите. |
| Цел 11: Одржливи градови и заедници. | Ова претпоставува градовите и населените места да бидат безбедни, инклузивни и одржливи. |
| Цел 12: Одговорно користење на ресурсите. | Ова претпоставува одржлива потрошувачка и производство. |
| Цел 13: Справување со климатските промени. | Ова претпоставува преземање итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание. |
| Цел 14: Живот под вода. | Ова претпоставува зачувување на океаните, морињата и морските ресурси заради постигнување одржлив развој. |
| Цел 15: Живот на копно. | Ова претпоставува внимателно користење на земјоделските површини, шумите и рудите, како и спречување на загубата на биолошката разновидност. |
| Цел 16: Мир, правда и силни институции. | Ова претпоставува мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа, пристап до правда за сите. |
| Цел 17: Партнерство за постигнување на целите за одржлив развој. | Ова претпоставува глобално партнерство за одржлив развој. |

Понатаму, треба да се истакне и тоа дека социо-економското дејствување во комбинација со еколошката свест даваат синергични резултати за претпријатијата и

основа за општествена-економска одржливост[25]. Во контекст на социјалните претпријатија треба да се има во предвид дека покрај споменатите социјални, економски и еколошки влијанија, многу важни се и културолошките влијанија. Ова е така бидејќи релациите помеѓу луѓето и групите се нераздвоив дел од културата во општеството и локалните заедници и претставуваат основа за постигнување на нивната одржливост. Така на пример, на ниво на општина Битола, граѓанските организации најчесто се во форма на спортски здруженија, социо-хуманитарни здруженија, професионални (струкови) здруженија, културни здруженија и еколошки здруженија, што, всушност опфаќаат дејности кои се најподатливи за организирање социјални претпријатија и за постигнување одржливост на локалната заедница.[26]

## 3. ЕКО-СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Социјалното претприемништво скоро и да беше незабележливо и речиси воопшто не беше застапено во дискусиите. Но, во последната деценија, почна постојано да се зборува за социјалното претприемништво. Социјалните иноватори се сметаат за агенти на промени кои со себе носат вредни иновации. Развојот на овој концепт, придонесува и развој на научната литература од оваа област. Во Република Северна Македонија, социјалното претприемништво почна да се зборува во последните години, откако се создаде потенцијал за создавање на социјални промени и одржливост во функционирањето на организациите. Во секој случај, развојот на социјалното претприемништво сеуште е на почеток и потребен е уште многу напор со цел да доживее целосна афирмација. Идентификувањето на потенцијалот што социјалното претприемништво го има при креирањето на социјални промени на финансиски одржлив начин, овозможи актуелизирање на овој модел на претприемништво во нашата држава.
Според податоците на студијата за мапирање на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија, вкупно се идентификувани 57 социјални претпријатија во осумте плански региони во Република Северна Македонија. Најголем дел од правните субјекти се граѓански организации (здруженија на граѓани, асоцијации, фондации) регистрирани според Законот за здруженија на граѓани и фондации (вкупно 34 социјални претпријатија или 59%). Понатаму, 37% од правните субјекти се претпријатија регистрирани според Законот за трговски друштва (друштва со ограничена одговорност-ДОО и друштва со ограничена одговорност на едно лице- ДООЕЛ). Како задруги, според Законот за земјоделски задруги и земјоделци според Законот за вршење земјоделска дејност се регистрирани само 4%. Податоците покажуваат дека во Пелагонискиот регион се лоцирани вкупно 10 социјални претпријатија.[27]
Во Република Северна Македонија, правната рамка која треба да го дефинира социјалното претприемништво и социјалните претпријатија сè уште не постои.

---

[25]Со процесот на децентрализација на власта, решавањето на еколошките проблеми и заштитата на животната средина е доделена во надлежност на локална самоуправа.
[26]За ова повеќе во: Стратегија за локален развој на општина Битола 2014-2018, стр. 13 и Стратегија за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор и негов постојан развој 2019-2022, стр.7.
[27] Маријан Ицоски, Олга Рајчиќ, Основна студија за социјалните претпријатија во Северна Македонија, Национален Младински Совет на Македонија, 2022 година;

Претставниците на овој сектор кај нас, во моментов, работат под некоја од останатите правни форми, како што се задругите, здруженијата, фондациите, трговските и заштитните друштва. Овие ентитети имаат некои допирни точки и слични карактеристики со социјалните претпријатија, но сепак не се соодветни и не можат да ги овозможат условите потребни за ефикасно и успешно функционирање на социјалните организации. Македонскиот „Закон за социјално претприемништво” е во фаза на изработка и се очекува да биде донесен во блиска иднина. Тој треба да ја дефинира областа и сите поими поврзани за неа, заедно со неколку правни форми кои социјалните претприемачи ќе можат да ги користат. Со законот треба да бидат формирани и соодветни тела кои ќе се грижат за регуларноста на активностите во областа на социјалното претприемништво. Ова, заедно со зголемениот интерес кај приватниот, јавниот и невладиниот сектор се главните охрабрувачки фактори за идниот развој на оваа област, која би имала големо позитивно влијание во подобрувањето на економската и општествената ситуација во Република Северна Македонија.

Во овој момент, организациите кои се сметаат за социјални претпријатија користат некои од следните правни форми: задруги, трговски друштва, здруженија и фондации, заштитни друштва. Во секој случај, и покрај сличностите помеѓу карактеристиките на социјалните претпријатија и некои елементи од постоечките правни форми во Македонија, сепак, постои потребата за правно дефинирање на социјалното претприемништво и за регулирање на сите активности и улоги во оваа област.

**Задруги.** Задругите имаат повеќе допирни точки со социјалните претпријатија бидејќи работат како организации со членство и припаѓаат на граѓанскиот (невладиниот) сектор. Во повеќе држави на Европската Унија, задругата е појдовен концепт за создавање на социјално претприемништво, а формата на социјална задруга е една од најчесто користените форми од страна на социјалните претприемачи. Социјалната задруга или кооперативата е основа за вршење дејности со кои се дава помош во задоволувањето на основните животни потреби на социјално загрозените, немоќните и други физички лица, што тие сами или со помош на членови на семејството не можат да ги задоволат поради неповолните лични состојби, како и поради економски, социјални и други потешкотии. Кај социјалните задруги, во работни и економски процеси се вклучуваат лица со намалена работна способност и други физички лица кои немаат доволно средства за подмирување на основните животни потреби. Социјалната задруга работи и остварува дејност со производство на добра и давање на услуги во различни области со кои ги остварува целите за кои е основана. Познат е и обликот на социјални фарми кои како концепт им овозможуваат рехабилитирање и интегрирање на лицата од социјално ранливите групи во општеството во природна средина, преку активности во земјоделството со цел промовирање на социјалните услуги во руралните места. Со „Законот за задруги” во Република Северна Македонија се уредени условите, начинот и постапката за основање, регистрација, работење, надзорот на работење и престанокот со работа на задругите. Македонскиот „Закон за задруги” не го дефинира поимот социјална задруга, а задругата е дефинирана како здружување на физички или правни лица поради унапредување или заштита на определен број точно дефинирани економски интереси, во сите дејности освен во банкарството и осигурувањето и дејностите за кои со закон е забрането основање задруга. Можат да ја основаат најмалку три физички или правни

лица, кои можат да имаат неограничена или ограничена одговорност. Секоја задруга е должна да има свој статут кој ќе ги дефинира сите аспекти од нејзиното работење. Највисок орган во задругата е Генералното собрание на членовите, каде секој член има право на еден глас, освен ако не е поинаку дефинирано преку статутот. Постои и Управен одбор кој мора да има најмалку три члена, од кои мнозинството треба да се внатрешни.

Управувањето со задругата може да биде доверено на едно или повеќе надворешни лица. На фирмата на задругата се применуваат одредбите од „Законот за трговски друштва".[28]

**Трговски друштва.** Во Република Северна Македонија трговското друштво се дефинира како правно лице во кое едно или повеќе лица вложуваат пари, добра или права во имот што ги користат за заедничко работење и заеднички ги делат профитот и загубата од работењето. Влогот во друштвото може да биде паричен и непаричен. Непаричните се оние влогови кои се состојат во добра или права што имаат пазарна вредност т.е. може со процена да им се определи вредноста во пари. Непаричниот влог во друштвото се проценува од овластен проценител. Трговското друштво стекнува својство на правно лице со уписот во трговскиот регистар. Според Законот за трговските друштва, фирмата на трговското друштво е името под кое друштвото работи и под кое учествува во правниот промет. Фирмата содржи ознака којашто го покажува предметот на работење односно дејноста според Националната класификација на дејностите (НКД) на трговското друштво, на седиштето и на формата на друштвото. Според формата, трговското друштво во Република Северна Македонија може да се организира како: (1) јавно трговско друштво (ЈТД), (2) командитно друштво (КД), (3) друштво со ограничена одговорност (ДОО) и друштво во ограничена одговорност од едно лице (ДООЕЛ), (4) акционерско друштво (АД) и (5) командитно друштво со акции. Од поимот трговско друштво треба да се разликува поимот трговец-поединец. Трговец-поединец е физичко лице кое во вид на занимање, врши некоја од трговските дејности определени со „Законот за трговските друштва." Притоа, важно е да се потенцира дека како трговец-поединец може да се јави само физичко лице.

Петте набројани форми на трговски друштва, генерално, можат да се поделат на две основни форми: (1) друштва на лица во кои главен акцент се става на лицата кои го основаат друштвото и тие одговараат неограничено со сиот свој имот за обврските на друштвото, и (2) друштва на капитал во кои главен акцент се става на потребниот капитал, а содружниците одговараат ограничено за обврските на друштвото само во висина на својот влог. Во друштвата на лица спаѓаат: јавното трговско друштво и командитното друштво, а во групата на друштва на капитал спаѓаат: друштвото со ограничена одговорност и акционерското друштво. Командитното друштво на акции е хибридна форма помеѓу двете групи, иако во основа може да се стави во групата на друштва на лица. Според големината, обртот и активностите на трговските друштва во Република Македонија, тие можат да бидат микро, мали, средни и големи претпријатија. Оваа класификација на претпријатија во „Законот за трговски друштва" беше

[28] „Закон за задруги", Службен весник на Република Македонија, бр. 54/2002 година. Во 2013 година беше донесен и „Законот за земјоделски задруги" кој ги регулира задругите кои делуваат во земјоделската дејност, но, исто така, не ги опишува социјалните задруги или претпријатија.

подготвена во согласност со ЕУ дефиницијата за класификација на претпријатија. Меѓутоа, имајќи ја предвид големината на нашата економија и соодветната големина и економски капацитет на економските актери во државата, обртот/приход и вредноста на активата и пасивата според ЕУ дефиницијата беа намалени за една четвртина.

**Здруженија и фондации**. Со „Законот за здруженија и фондации" се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здруженијата, фондациите, сојузите, организациските облици на странските организации во Република Северна Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.[29] Здруженијата и фондациите не можат да се трансформираат во други облици на правни лица. Тие се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со законската рамка. Во Република Северна Македонија, здружение може да се основа со најмалку пет основачи, од кои тројца од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија. Членувањето во здружението е доброволно, а основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението. За здруженијата не е потребен основачки капитал, а неговите членови на демократски начин учествуваат во нивното управување. Здружението има управител и може да има орган за надзор во работата. Фондацијата претставува правно лице кое не се темели на членство и располага со имот наменет за остварување на легитимни непрофитни цели. Може да биде основана од најмалку едно лице и за тоа се потребни најмалку 10.000 евра почетни средства во денарска противвредност според средниот курс на Народната Банка на Република Северна Македонија изразени во пари, хартии од вредност или друг имот на денот на поднесување на актот за запишување во Регистарот. Како основачи на фондацијата можат да се јават физички и правни лица. Фондацијата се основа со акт за основање или како последна волја изјавена со тестамент. Органи на управување во фондацијата се одбор и директор, а преку статутот може да се предвидат и други органи. Со „Законот за здруженија на граѓани и фондации" од 2010 година, на здруженијата и на фондациите им е дозволено вршење на економски активности без основање на трговско друштво, при што, активностите мораат да бидат поврзани со целите на организацијата, а профитот, повратно, мора да биде употребен за остварување на целите. Овие организации можат, самостојно или заедно со други лица, да основаат трговско друштво, во кое ќе бидат содружник/акционер и кое ќе подлежи на одредбите од „Законот за трговски друштва." Остварениот профит преку трговското друштво може да се употреби за активности определени со статутот и тој не може да се распределува помеѓу

[29]Организација со статус од јавен интерес е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес согласно закон. Притоа, некои од дејностите од јавен интерес се: заштита на деца и младинци, помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, на лица со попреченост во развојот и на лица со посебни потреби, унапредување на здравјето и медицинската грижа, уметност, култура и заштита на културното наследство, спорт, наука и образование, заштита на животната средина, развој на демократијата и граѓанското општество, хуманитарна и социјална помош, заштита од злоупотреба на droги, малолетничка деликвенција, алкохолизам, проституција и трговија со луѓе, справување со елементарни непогоди, заштита и грижа за животни, заштита на потрошувачите, волонтерство итн.

основачите, членовите, директорите, членовите на органите, вработените или кое било друго лице.

Дополнително, здруженијата и фондациите можат да се стекнат со статус на организација од јавен интерес, доколку вршат дејности кои се од јавен интерес и кои самостојно или во соработка со општините или државната, можат да спроведуваат програми и проекти на локално или централно ниво, со што би добиле и определени даночни и царински олеснувања утврдени со Законот.[30]

**Заштитни друштва**. Заеднички точки со социјалното претприемништво има и „Законот за вработување на инвалидни лица," кој ги дефинира посебните услови за вработување и работење на инвалидни лица кога тие вршат дејност како трговец поединец, работат кај работодавач во државната администрација, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, агенции, фондови и други државни институции, како и условите за основање и погодностите за работење на заштитно друштво односно трговско друштво за вработување на инвалидни лица. Според овој закон, инвалидно лице е лице со оштетен вид, оштетен слух, со пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно инвалидно лице, инвалид на трудот, лице со пречки во интелектуалниот развој и лице со комбинирани пречки кое има специфични потреби во работењето.

Заштитно друштво може да се основа и да работи доколку вработува најмалку десет лица од кои 40% од вкупните вработени се инвалидни лица и од кои најмалку половината се лица со инвалидитет утврден со членот 2 од овој Закон. Постојат и услови кои заштитното друштво мора да ги исполнува со цел да може да го задржи таквиот статус. Ваквите друштва се ослободуваат од плаќање данок на профит и сите давачки од профитот, а добиваат и низа други поволности определени со Законот. Заедница на заштитни друштва е формирана со цел да се остваруваат заедничките цели и задачи, да се врши контрола во работата, да се води евиденцијата за бројот и структурата на вработените лица со инвалидитет и да се утврдуваат евентуалните неправилности и злоупотреби на Законот.[31]

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА

Податоците за изработка на локалната стратегија за социјални претпријатија 2023-2026 година, се добиени преку деск-анализа на постоечката литература за социјално претприемништво како што е Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021-2024), извештаите на Министерството за труд и социјална политика на Северна Македонија, како и релевантни истражувања, документи за јавни политики, како и анализи за социјалното претприемништво во Република Северна Македонија.

[30]„Закон за здруженија на граѓани и фондации", Службен весник на Република Македонија, бр. 52 од 2010 година.

[31]Закон за вработување инвалидни лица", Службен весник на РМ" бр.44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016 и 99/2018

Стратегијата за социјални претпријатија претставува стратешки документ со основна цел создавање на одржлив бизнис модел за рашавање на општествените проблеми, кое ќе има мерливо позитивно влијание за општина Битола. Изработувањето на овој стратешки документ ја наметна потребата од примена на методологија, заснована на партиципативно- консултативен процес. При изработката на стратешкиот документ активно учество зедоа претставници од општина Битола, Агенцијата за вработување, експерти- професори од Универзитетот и преставници на невладини организации. Методологијата за развој на Локалната стратегија се состоеше од следните фази:

***1. Деск-истражување***, што опфати детална анализа на постојните документи за социјалното претприемништво и социјалните претпријатија.

***2. Работилници*** кои вклучија воведни работни состаноци чија цел беше да се презентира развојниот процес на изработката на стратегија пред засегнатите страни. Во исто време, беа презентирани анализи на релевантни стратегии, јавни документи и извештаи, како и добиените резултати од истражувањето за да се обезбеди стабилна основа за оправданоста на изработувањето на истата.

***3. Промоција на стратешкиот документ*** „Стратегија за социјални претпријатиа 2023-2026“ во општина Битола, со Акциски план.

Стратегискиот документ се состои од јасно дефинирани стратешки цели, специфични цели и активности, дефинирани рокови за имплементација, извори на информации, корелација со други стратешки документи, како и потребните финансиски ресурси за имплементација на истата. Изработката на стратешкиот документ обезбедува систематска поддршка од страна на вклучените засегнати страни, како и колаборативна средина која овозможува зголемување на свеста, значењето и улогата социјалните претпријатија во општина Битола.

Овој стратешки документ е заснован врз детално истражување и јавни дискусии. Главни предизвици за успех на стратегијата се:

1. Обезбедување на поддршка од страна на сите засегнати страни во реализацијата на предложените мерки и активности по приоритетни области.
2. Степенот на одговорност кој ќе се покаже од страна на сите засегнати страни во текот на реализацијата на Акцискиот план.
3. Ограничени финансиски ресурси, човечки ресурси и време.
4. Градење на свест за значењето на социјалните претпријатија.
5. Заложби на сите засегнати страни да учествуваат во реализацијата на стратегијата за социјални претпријатија.

Имплементацијата на стратегијата за социјални претпријатија ја наметнува потребата од силна посветеност на креаторите на политики во општина Битола, едукаторите, активистите и други кои поседуваат знаење, вештини и компетенции максимално да се вложат за социјалните претпријатија станат препознатливи и активни учесници во социо- економскиот и локален развој на општина Битола.

Во општина Битола постои плодна почва за социјални претпријатија. Притоа, најголем предизвик претставува носењето законска регулатива со која ќе се овозможи формирање социјални претпријатија. На тој начин би се создал потенцијал, меѓу останатото, и за подобрување на квалитетот на живот кај повеќе категории на граѓани, а со тоа, крајно, би се подобрила општествената и економската состојба во општина Битола. Исто така,

постоењето на административни бариери и системската неусогласеност за социјалната сфера ги ограничува претприемачите, но и финансиската поддршка од разни извори за основање социјални претпријатија. Постојат и ризици за можни злоупотреби во програмите со социјални активности. Други слабости и закани претставуваат немањето на поголема граѓанска свесност за самиот концепт, како и немањето образовен систем кој би го доближил социјалното претприемништво и придобивките од социјалните претпријатија до пошироката јавност и би ја зголемил неговата видливост во општина Битола.

Постојат можности за раст на бројот на социјални претпријатија и дека брзината и начинот на нивниот развој зависи од активноста, заинтересираноста и соработката помеѓу сите засегнати страни. Социјалното претприемништво и социјалните претпријатија имаат потенцијал за подобрување на квалитетот на живот кај повеќе категории граѓани, а со тоа и подобрување на социјалната и економската состојба во општина Битола.

Со слично разбирање на улогата на социјалните претпријатија, во Р. С. Македонија, повеќе од една деценија се водат дебати за начинот на кој бе се создала поттикнувачка рамка за развој на овој сектор. Покренати се иницијативи овој сектор да се регулира со закон и/или стратегија. Се развиваат нови програми (финансиски инструменти и образовни програми) кои се насочени на развој на социјалните претпријатија. Покренати се значајни кампањи за подигнување на свеста кај јавноста за улогата на граѓаните за развој на социјалното претприемништво. Направени се истражувања кои го мапираат секторот и покажуваат на правците на понатамошен развој на екосистемот кој е поддржувачки за развој на социјалните претпријатија.

Мерењето на економското и социјалното влијание на социјалните претпријатија е исто така, еден од глобалните трендови. Важноста за мерењето на придонесот на секторот се гледа на неколку нивоа. Прво, е идентификувањето дали и колку овој сектор навистина придонесува на општествениот развој и дали начинот на кој овој сектор придонесува е поинаков од традиционалните ентитети како што се профитните претпријатија и здруженијата. Друг важен аспект на мерењето е да се обезбеди дека оние кои инвестираат во овој сектор имаат сеопфатно влијание од чисто економско влијание. Социјалните претпријатија мерењето на своето влијание го користат за да ја унапредат својата деловна практика и уште повеќе да го обезбедат својот придонес за развој на локалната заедница.

Поради подобро согледување на сите овие аспекти и попрецизно согледување на проблемите, можностите и дилемите кои постојат, во продолжение е дадена СВОТ (SWOT) анализа за некои од предностите, слабостите, можностите и заканите за развој на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во општина Битола. Притоа, треба да се има предвид дека ваквата анализа не може да ги опфати сите релевантни аспекти на оваа интердисциплинарна област, но може да придонесе во укажувањето на нејзината важност и актуелност. Идејата е преку неа, а во рамките на Локалната стратегија за социјални претпријатија во општина Битола, да се дадат определени насоки и колку што е можно повеќе да се обезбедат услови за поединци и групи на граѓани да придвижуваат акции во форма на социјални претпријатија коишто би довеле до позитивни социјални и економски промени во општина Битола.

**Табела 2. СВОТ (SWOT) анализа за социјалните претпријатија во општина Битола**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| - Постои интерес за истражување на социјалното претприемништво.<br>-Постои активен сектор на непрофитни организации и здруженија.<br>-Искуства од реализација на програми со кои се решаваат социјалните потреби на најзагрозените граѓани (Роми, долгорочно невработени, самохрани мајки, лица со инвалидитет, корисници на дроги итн.).<br>-Атрактивно културно и природно наследство за развој на социјални претпријатија во туристичката дејност (еко туризам, рурален туризам, културен туризам, здравствен туризам).<br>-Стабилни меѓуетнички односи.<br>-Индустриско-развојна зона и странски инвестиции (можат да отворат нови работни места, користење на нови методи на работа (know-how) итн.). | -Сè уште социјалните претпријатија не се видливи и не се сметаат за способни да обезбедат добра и услуги.<br>-Слабо ниво на вмрежување помеѓу различните видови на организации во граѓанскиот сектор (здруженија, кооперативи, фондации итн.)<br>-Непостоење на правни рамки.<br>-Недостаток на даночни ослободувања за социјалните претпријатија.<br>-(Не) доволна координација на соработка помеѓу различните чинители во оваа област (општина, универзитет, локални бизниси, локални невладини организации, верски заедници).<br>-Недоволно развиена инфраструктура (патна, железничка, енергетска, техничко-трхнолошка).<br>-Недоволна запознаеност на граѓаните на општина Битола со концептот за социјално претприемништво и социјални претпријатија.<br>-Слаба регионална поврзаност на претпријатијата (кластери, инкубатори, технолошки паркови).<br>-Низок природен прираст (изразен депопулационен тренд) во општина Битола. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| -Неискористен потенцијал на локалните невладини организации.<br>-Креирање на меѓусекторско координативно тело одговорно за координација, промоција и развој на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија во општина Битола.<br>-Искористување странски фондови за социјални претпријатија.<br>-Можности во формалното и неформалното образование за изучување на социјалното претприемништво.<br>-Алтернативни можности за финансирање и отворање на социјални претпријатија кои се базирани на информатичко-комуникациските технологии (Crowdfunding, Crowdsourcing, Sharing Economy, Circular Economy).<br>-Поттикнување на волонтерска работа и практиканство во општина Битола.<br>-Неискористени потенцијали во занаетчиството и традиционалната уметност во општина Битола. | -Финансиска немоќ на организациите од граѓанскиот сектор.<br>-Недоверба во економските активности кои се преземаат од страна на граѓанскиот сектор.<br>-Недоверба кон организации кои се финансираат од странски спонзори.<br>-Недоволно разбирање на социјалното претприемништво и неговата важност за социјалниот и економскиот развој.<br>-Нефункционална меѓуинституционална соработка.<br>-Политички влијанија.<br>-Заминување на високо-квалификуваните млади кадри во странство (Brain Drain).<br>-Сива економија и конкуренција од неформалната економија (кога институционалните и правните бариери не дозволуваат формализација на одредени економски ентитети).<br>-Недостаток од кадар кој би можел да ги менаџира социјалните претпријатија.<br>-Еколошки проблеми. |

## 5. СТРАТЕГИСКА РАМКА

Развивањето на локална стратегија за социјалните претпријатија во општина Битола ја наметнува потребата од холистички пристап кој ги зема во предвид различните компоненти, потребни за подрршка на развојот и одржливоста на секторот. Суштинските компоненти кои треба да се вклучат во локалната стратегија се следните (слика 1):

**Стратегиски приоритет 1**. Интеграција на социјалните претпријатија во јавните политики на локално ниво;

**Стратегиски приоритет 2.** Градење одржлив еко-систем на социјалните претпријатија;

**Стратегиски приоритет 3.** Информативна и советодавна финансиска поддршка за социјалните претпријатија;




**Слика 1. Стратегиски приоритети во стратегијата за социјални претпријатија**

**СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 1. ИНТЕГРАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО;** Овој стратегиски приорите се однесува на пристапот за поттикнување на услови за развој на култура ориентирана кон поддршка на социјалните претпријатија. Културата ориентирана кон поддршка на социјалните претпријатија вклучува активности кои се однесуваат на подигнување на свеста за важноста на социјалните претпријатија преку институционално- образовна поддршка на ентитетите кои се значајни актери во социјалната економија. Водечката улога во креирањето на културата за социјални претпријатија ќе ја има локалната самоправа преку воведување на концептот на

социјални претпријатија, како и образовните институции кои ќе промовираат активности и учење на социјалното претприемништво.
Во контекст на тоа, стратегискиот приоритет 1 ќе ги вклучува следните мерки:

| **Стратегиски приоритет 1.**<br><br>Интеграција на социјалните претпријатија во јавните политики на локално ниво; | |
|---|---|
| **Мерка 1.** | Воспоставување на институционални механизми за препознавање на социјалните претпријатија; |
| **Мерка 2.** | Зголемување на свеста во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за важноста и развојот на социјалните претпријатија на локално ниво; |
| **Мерка 3.** | Зајакнување на капацитетите на образовните институции за промоција на социјалното претприемништво; |

**Резултати** кои ќе се постигнат преку реализација на мерките предвидени со стратегискиот приоритет 1 се:

1. Застапеност на социјалните претпријатија во јавните политики на локално ниво;
2. Стратегиско- системски пристап во интегрирање на социјалните претпријатија во планираните активности на локално ниво;
3. Зголемена свесност за важноста на социјалните претпријатија на локално ниво;
4. Градење на образовните капацитети за промоција на социјалното претприемништво;

**Активности** кои ќе се реализираат со мерките 1, 2 и 3 се следните (Акционен план):
1. Воведување  на социјалните претпријатија во програмите и политиките на општина Битола.
2. Анализа на постојната законска рамка за социјалните претпријатија.
3. Организирање годишен јавен настан за социјално претприемништво.
4. Презентација на годишни извештаи, анализи и истражувања за социјалните претпријатија.
5. Изработка на регистар на социјални претпријатија на локално ниво.
6. Реализација на проектни, наставни и вонпаставни активности во училиштата поврзани со социјални претпријатија.
7. Развој на програми за (не)формално образование за социјално претприемништво.
8. Изработка на квантитативни и квалитативни научни и стручни истражувања за социјални претпријатија.

**СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 2. ГРАДЕЊЕ ОДРЖЛИВ ЕКО-СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА.** Развојот на социјалните претпријатија е сеуште на почеток и се наметнува потребата од визионерска но, стратегиска ориентација во напорите за потполна афирмација на социјалните претпријатија како ентитети во третиот сектор на социјалната економија. Социјалните претпријатија имаат потенцијал во креирањето на позитивни социјални промени на финансиски одржлив начин, што ќе овозможи актуелизирање на овој вид на претприемништво во општина Битола.

Целта на овој приоритет е создавање на услови за непречено функционирање и создавање на услови за работа на социјалните претпријатија, како и поддршка во различните аспекти на нивното работење.

Следствено на тоа, стратегискиот приоритет 2 ќе ги вклучува следните мерки:

| **Стратегиски приоритет 2.**<br><br>Градење одржлив еко-систем на социјалните претпријатија; | |
|---|---|
| **Мерка 1.** | Зајакнување на капацитетите на социјалните претпријатија; |

**Резултати** кои ќе се постигнат преку реализација на мерките предвидени со стратегискиот приоритет 2 се:

1. Дефиниран еко-систем за поддршка на социјалните претпријатија на локално ниво;
2. Пристап до услуги за поддршка на социјалните претпријатија;
3. Одржливост на услугите на социјалните претпријатија;

**Активности** кои ќе се реализираат со мерката 1 се следните (Акционен план):

1. Организирање обуки и работилници за социјални претприемачи за работа и менаџирање на социјалните претпријатија.
2. Настани за вмрежување на социјалните претпријатија со засегнатите страни.
3. Менторство за усовршување на деловните планови на социјалните претприемачи, развој на лидерските вештини и справување со предизвиците.
4. Анализа на потребите на постојните социјални претприемачи и постојните засегнати страни во еко-системот на социјални претпријатија.

**СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 3. ИНФОРМАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;**

Финансирањето на социјалните претпријатија се однесува на процесот на обезбедување на финансиски средства за организациите кои имаат социјална мисија. Овој стратегиски приоритет овозможува создавање на услови за финансиска поддршка на социјалните претпријатија преку обезбедување на различни средства, кои ќе ги поттикнат да работат. Генерално, финансиската поддршка на социјалните претпријатија игра клучна улога во постигнувањето на општествените цели, додека истите остануваат финансиски одржливи. Со обезбедување на различна финансиска поддршка, ќе им се помогне на социјалните претпријатија да имаат значајно влијание во заедницата во која делуваат.

Следствено, стратегискиот приоритет 3 ќе ги вклучува следните мерки:

| **Стратегиски приоритет 3.**<br><br>Информативна и советодавна финансиска поддршка за социјалните претпријатија; | |
|---|---|
| **Мерка 1.** | Локални политики за поддршка на инвестиции на социјалните претпријатија; |

**Резултати** кои ќе се постигнат преку реализација на мерките предвидени со стратегискиот приоритет 2 се:

1. Намалени бариери за пристап до финансии за социјалните претпријатија;
2. Унапредени финансиски инструменти за социјалните претпријатија;
3. Зголемен пристап до финансии за социјалните претпријатија;

**Активности** кои ќе се реализираат со мерките 1 и 2 се следните (Акционен план):

1. Советодавна поддршка за директни јавни инвестиции за развој на социјални претпријатија преку постоечките програми на јавните институции.
2. Информативна и советодавна поддршка за социјално-финансиски инструменти специјално дизајнирани за социјалните претпријатија (crowdfunding).
3. Финансиска поддршка за развој на секторот на социјалните претпријатија преку европски фондови и програми

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА „СТРАТЕГИЈАТА ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 2023-2026“ НА ОПШТИНА БИТОЛА

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 1. ИНТЕГРАЦИЈА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО;

***МЕРКА 1:***
**ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.** Воведување на социјалните претпријатија во програмите и политиките на општина Битола | И.1.Експлицитна застапеност на социјалните претпријатија во годишните програми на општината. | Општина Битола | Среднорочно |
| **Активност 1.2.** Анализа на постојната законска рамка за социјалните претпријатија | И.1. Изработена анализа и предлози за подобрување на законската регулатива за работа на социјалните претпријатија. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија | Среднорочно |

***МЕРКА 2:***
**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСТА ВО ЈАВНИОТ, ПРИВАТНИОТ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ЗА ВАЖНОСТА И РАЗВОЈОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО;**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Активност 2.1.** Организирање годишен јавен настан за социјално претприемништво | И.1. Одржан годишен јавен настан.<br>И.2. Број на учесници на настанот. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Среднорочно (на годишно ниво за време на спроведување на стратегијата) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активност 2.2.** Презентација на годишни извештаи, анализи и истражувања за социјалните претпријатија | И.1. Објавени извештаи за работата на социјалните претпријатија,<br>И.2. Објавени истражувања и анализи за работата на социјалните претпријатија. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации<br>Агенција за вработување<br>Академска заедница | Среднорочно |
| **Активност 2.3.** Изработка на регистар на социјални претпријатија на локално ниво. | И.1. Изработен регистар на социјални претпријатија во Битола.<br>И.1. Промовиран регистар во јавноста. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Среднорочно |

| ***МЕРКА 3:***<br>**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО;** | | | |
|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| **Активност 3.1.** Реализација на проектни, наставни и воннаставни активности во училиштата поврзани со социјални претпријатија | И.1. Број на одржани настани и активности одржани во училиштата поврзани со социјални претпријатија.<br>И.2. Број на реализирани проекти за социјални претпријатија. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации<br>Основни и средни училишта | Долгорочно |
| **Активност 3.2.** Развој на програми за (не)формално образование за социјално претприемништво | И.1. Развиени предлог програми за социјално претприемништво.<br>И.2. Број на реализирани програми. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Среднорочно |
| **Активност 3.3.** Изработка на квантитативни и квалитативни научни и стручни истражувања за социјални претпријатија | И.1. Број на изработени истражувања и анализи за социјални претпријатија.<br>И.2. Број на објавени книги за социјално претприемништво. | Општина Битола<br>Академска заедница<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Долгорочно |

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 2. ГРАДЕЊЕ ОДРЖЛИВ ЕКО-СИСТЕМ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;

| *МЕРКА 1:*<br>**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;** | | | |
|---|---|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | **ИНДИКАТОРИ** | **НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ** | **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** |
| **Активност 1.1.** Организирање обуки и работилници за социјални претприемачи за работа и менаџирање на СП | И.1. Број на реализирани обуки и работилници за социјални претпријатија.<br>И.2. Програми за работа со социјални претприемачи. | Општина Битола<br>Академска заедница<br>Локална мрежа на социјални претпријатија | Долгорочно |
| **Активност 1.2.** Настани за вмрежување на социјалните претпријатија со засегнатите страни | И.1. Број на реализирани настани.<br>И.2. Број на вклучени социјални претпријатија на настаните. | Општина Битола<br>Академска заедница<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Долгорочно |
| **Активност 1.3.** Менторство за усовршување на деловните планови на социјалните претприемачи, развој на лидерските вештини и справување со предизвиците | И.1. Број на одржани менторски средби.<br>И.2. Број на вклучени социјални претпријатија и социјални претприемачи во менторските програми. | Општина Битола<br>Академска заедница<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Долгорочно |
| **Активност 1.4.** Анализа на потребите на постојните социјални претприемачи и постојните засегнати страни во еко-системот на социјални претпријатија | И.1. Изработена анализа за потребите на постојните социјални претприемачи и засегнати страни.<br>И.2. Објавена анализа за потребите на постојните социјални претприемачи и засегнати страни. | Општина Битола<br>Академска заедница<br>Локална мрежа на социјални претпријатија<br>Граѓански организации | Среднорочно |

## СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТ 3. ИНФОРМАТИВНА И СОВЕТОДАВНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;

**МЕРКА 1:**
**ЛОКАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;**

| АКТИВНОСТИ | ИНДИКАТОРИ | НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Активност 1.1.** Советодавна поддршка за директни јавни инвестиции[32] за развој на социјални претпријатија преку постоечките програми на јавните институции. | И.1. Фонд на директни јавни инвестиции за развој на социјалните претпријатија.<br>И2. Број на социјални претпријатија корисници на директни јавни инвестиции. | Општина Битола | Среднорочно |
| **Активност 1.2.** Информативна и советодавна поддршка за социјално-финансиски инструменти специјално дизајнирани за социјалните претпријатија (crowdfunding)[33] | И.1. Број на развиени социјално-финансиски инструменти, достапни за социјалните претпријатија;<br>И2. Информативна кампања за финансиските инструменти; | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија | Долгорочно |
| **Активност 1.3.** Финансиска поддршка за развој на секторот на социјалните претпријатија преку европски фондови и програми | И.1. Број на реализирани ЕУ проекти за социјални претпријатија. | Општина Битола<br>Локална мрежа на социјални претпријатија | Долгорочно |

[32] Јавните инвестиции се прават преку постоечките програми на јавни институции, кои се однесуваат на развој на мали и средни бизниси, вработување и социјална инклузија, одржлив развој, рамномерен регионален и рурален развој и вклучуваат субвенции, разни трансфери и додатоци, дотации, државна помош, капитални инвестиции во средства или сопственички удели.
[33] Crowdfunding е израз за интернет платформи кои бараат средства директно од индивидуалци, фирми, власти и други институции за одредени бизнис проекти.

## 5.1. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ЦЕЛИ

Визијата и мисијата претставуваат витална основа на напорите на засегнатите страни и ги ополномоштува да истражуваат, да преземаат иницијативи и да покажат цврста детерминираност за успех на стратешкиот документ. Визијата и мисијата создаваат услови што им овозможува на социјалните претпријатија да станат значаен дел од социо-економскиот развој на општина Битола. Визијата и мисијата се она што ја создава и поддржува претприемачката култура, како клучна компонента која се споделува меѓу луѓето кои создаваат и креираат норми, очекувања и обврски и ги дефинираат политиките на општина Битола. Социјалните претпријатија треба да бидат главна движечка сила и енергија за остварување на оваа визија.
Визијата и мисијата ја истакнуваат потребата од развој на социјални претпријатија преку институционална поддршка и соработка со засегнатите страни на локално ниво. Тоа значи, дека социјалното претприемништво е процес на користење на иновативни и одржливи стратегии за создавање на позитивни социјални или економски промени. Социјалните претприемачи ги идентификуваат и решаваат општествените предизвици и истовремено генерираат приходи и промовираат финансиска оджрливост. Социјалните претпријатија се карактеризираат со фокус кон постигнување на влијание и создавање на социјална вредност, наспроти максимизирање на профитот.

Мисија на стратегијата за развој на социјалните претпријатија е:

**„Создавање на одржлив бизнис модел за рашавање на општествените проблеми, со мерливо позитивно влијание за луѓето и планетата што ќе генерира долгорочна вредност за засегнатите страни".**

Оваа изјава за мисија ја нагласува важноста на одржливоста, социјалното влијание и влијанието врз животната средина и вредноста на засегнатите страни. Тоа покажува дека социјалното претпријатие треба да има јасен фокус на решавањето на одредени прашања или предизвици, со генерирање на позитивни резултати за општеството и животната средина, наместо да постои фокус само на профитот. Исто така, се нагласува важноста од создавање на бизнис модел кој е финансиски одржлив на долг рок и дава вредност на засегнатите страни, вклучувајќи ги инвеститорите, клиентите, вработените и пошироката заедница.

Визијата на стратегијата за социјални претпријатија е:

**„Да се создаде општина каде што општествените проблеми ќе се решаваат преку иновативни и одржливи решенија и сите засегнати страни се ополномоштени да придонесат за рамноправна и инклузивна заедница"**

Во основа, стратегијата има за цел да креира поголеми можности, инклузија и влијание. Оваа изјава за визија ја нагласува важноста на бизнисот, насочен кон целта, каде што социјалното и влијанието врз животната средина е во првите редови на донесувањето на одлуки. Визијата вклучува создавање на општина во која социјалните претпријатија ќе бидат дел од решението за општествените предизвици и каде иновациите и одржливоста се основните вредности. Исто така, се нагласува потребата од создавање на инклузивна заедница, каде што сите засегнати страни, вклучително и маргинализираните групи, можат да придонесат за позитивни промени. Следејќи ја оваа визија, социјалните претпријатија можат да помогнат да се создаде подобра иднина за луѓето.

Генерална цел на стратегијата е **генерирање на позитивно влијание за социјални промени преку создавање на одржлив бизнис модел на социјалните претпријатија.**

Реализацијата на оваа цел ќе овозможи социјалните претпријатија да се фокусираат на:

**1. Ќе го зголеми нивото на свест за решавање на општествените проблеми** односно, социјалните претпријатија ќе се фокусираат кон решавање на конкретни предизивици или прашања во општината, како што се навработеност, нееднаквост, климатски промени, конкурентска предност и сл.

**2. Ќе развива средина за создавање позитивно социјално влијание** што треба да генерира мерливи позитивни резултати за општината. Ова може да се постигне преку производите/ услугите кои се нудат од страна на социјалното претпријатие, начинот на кој работат и воспоставуваат релации со други организации.

**3. Ќе обезбеди финансиска одржливост** што има за цел да создаде одржлив бизнис модел, кој е финансиски исплатлив на долг рок. Ова може да вклучи генерирање на приходи преку продажба на производи/услуги, обезбедување на средства од инвеститори или донатори или други иновативни механизми за финансирање.

**4. Ќе ја зајакни соработката со засегнатите страни**, односно, социјалното претпријатие треба да има цел да ги вклучи засегнатите страни во процесите на донесување на одлуки.

Специфичните цели на стратегијата за развој на социјалните претпријатија вклучуваат:

**1. Поттикнување на зголемен пристап до производи/услуги што ги нудат социјалните претпријатија**, што значи зголемување на бројот на социјални претпријатија кои нудат производи/услуги, како што се здравствени услуги, образование, чиста вода, маргинализирани групи и сл.

**2. Поттикнување иновации** со цел да се промовира соработка со други организации за развој на нови солуции за општествените проблеми.

**3. Мерење на влијанието**, со цел да се демонстрира одговорност и транспрарентност пред засегнатите страни.

Основните принципи врз кои се заснова стратегијата за развој на социјалните претпријатија се:

**1. Водена од мисијата.** Стратегијата се фокусира на јасна и влијателна мисија, која се фокусира кон создавање на позитивни општествени резултати. Мисијата претставува

основа за целокупното донесување на одлуки, како и движечка сила за понатамошните активности.

**2. Одржливост**. Стратегијата има цел да создаде долгорочно одржливо влијание, овозможувајќи да постои рамнотежа меѓу социјалните и економските резултати. Стратегијата се фокусира кон создавање на вредност за сите засегнати страни.

**3. Колаборативност**. Стратегијата се фокусира кон колаборативност, вклучувајќи партнерства со засегнатите страни. Соработката може да помогне во искористување на ресурсите и експертизата, со цел зголемување на влијанието и изградување на доверба и релации.

**4. Иновативност**. Стратегијата за развој на социјалните претпријатија треба да се заснова на иновативност, што вклучува воведување и користење на нови технологии, нови бизнис модели и пристапи за справување со сложените општествени предизвици.

**5. Водена од влијанието**, односно, треба да се даде приоритет на мерењето на влијанието, користејќи податоци кои ќе покажат напредок во постигнување на општествени резултати.

**6. Етичност**, што покажува дека треба да се работи со високо ниво на етички стандарди, обезбедувајќи транспарентност, правичност и одговорност во сите аспекти на работењето. Стратегијата треба да биде посветена на одговорни практики.

Следејќи ги овие суштински принципи, стратегијата за развој на социјалните претпријатија ќе создаде значајно влијание и ќе придонесе за градење на одржлива и инклузивна заедница.

# 7. ЕВАЛУАЦИЈА И МОНИТОРИНГ

Клучната одговорност за следењето на напредокот при имплементацијата на Стратегијата за развој на социјалните претпријатија во општина Битола, како и стратегиските цели предвидени во Акциониот план ќе ја има општина Битола. Имплементацијата на истата ќе се мери годишно, започнувајќи од почетокот на реализацијата на Акцискиот план. Општина Битола ќе има координација на предвидените активности, подготвување на извештаи, собирање и анализа на добиените податоци кои се во корелација со клучните показатели.

На тој начин ќе се има увид во недостатоците и предизвиците на стратегијата кои ќе претставуваат основа за континуирано подобрување на решенијата за развој на социјалните претпријатија на локално ниво. Овој стратешки документ не е статичен, туку напротив, е динамичен и флексибилен, и истиот подлежи на континуирани проверки и оценување за неговата успешност при имплементацијта. Проверките овозможуваат да се задржи систематскиот пристап и континуираното подобрување во решавањето на социјалните и економските проблеми со кои се соочува општината.

Локалните власти треба да генерираат важни ресурси и капацитети за спроведување на активностите предвидени со стратегијата. Еден од важните предизвици на општина Битола е усвојувањето на стратешкиот документ во оваа област, каде приоритетите се утврдени во соработка со претставници од засегнатите страни. Општината, исто така, игра клучна улога во спроведувањето на повеќето мерки и активности предвидени со локалната стратегија, а кои се однесуваат на социјалните претпријатија. Со зголемувањето на надлежностите на локалните власти во рамките на децентрализацијата и територијална администрација, се предвидува тесна соработка со засегнатите страни за спроведување на планот во акција.

Стратегијата за развој на социјалните претпријатија 2023-2026 и со неа поврзаниот Акциски план вклучува буџет за имплементација за секоја активност. Во зависност од типот на активност, предвидени се:

1. Финансии од буџетот на Р. Северна Македонија за акции кои се однесуваат на социјалните претпријатија.
2. Финансии од буџетот на општината Битола.
3. Финансии од донатори.
4. Различни проекти од домашни и странски фондови.
5. Локален бизнис сектор.
6. Невладин сектор.

# ПОЈМОВНИК

**1. ЕКО-СИСТЕМ**. Еко-системот според J. Moore претставува економска заедница која се состои од компаниите, нејзините потрошувачи, добавувачи, пазарни посредници, канали на движење на производите, сопствениците и другите засеганти страни, како и владини и невладини организации, па дури и конкурентите. Во контекст на социјалната економија, еко-системот се однесува на меѓусебно поврзана мрежа на поединци, организации и институции кои соработуваат и комуницираат за создавање на одржлив и инклузивен економски систем. Овој еко-систем опфаќа различни актери, како што се социјални претпријатија, задруги, владини институции, инвеститори и потрошувачи, кои работат заедно за да ги постигнат општествените цели, додека генерираат економска вредност. Еко-системот на социјалната економија ја нагласува важноста од создавање на вредност, давајќи приоритет на социјалните и на финансиски цели. Еко-системот има за цел да промовира партиципативен економски систем преку зајакнување на маргинализираните заедници, поддршка на локалните бизниси и промоција на одржливи модели на производство и потрошувачка.
**2. ОПШТЕСТВЕНА ЦЕЛ**. Социјалните претпријатија мора да имаат експлицитно дефинирана општествена цел, за да и служат на заедницата или на специфична целна група. Терминот „општествена" вклучува обезбедување на културни, здравствени и образовни услуги, како и услуги за заштита на животната средина. Преку промовирањето на општиот интерес, социјалните претпријатија ја надминуваат традиционалната ориентација кон сопствениците и акционерите.
**3. СОЦИЈАЛНА ЕКОНОМИЈА.** Социјалната економија се однесува на економски систем кој дава приоритет на социјалните цели и на еколошките цели заедно со финансиските цели. Терминот „социјална економија" се однесува на сите деловни активности кои не само што се водени од силна социјална мисија, туку и се наменети да бидат економски исплатливи. Ова вклучува задруги, заеднички друштва, непрофитни здруженија, фондации и социјални претпријатија, кои покриваат широк опсег на активности. Целите на организациите за социјалната економија се генерално, обезбедување на производи/ услуги (вклучувајќи можности за вработување) за нивните членови или заедница и остварување цели од општ интерес, како што е заштита на животната средина. На овој начин, организациите кои делуваат во социјалната економија имаат за цел да остварат профит за луѓе кои не се инвеститори или сопственици.
**4. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**. Според дефиницијата на EMES, социјалните претпријатија имаат стабилни и континуирани економски активности, а со тоа покажуваат типични претприемачки карактеристики, кои им се заеднички со другите претпријатија. Дефиницијата на социјалните претпријатија која се предлага во рамките на оваа методологија одговара на одредувањето предложено од страна на Европската комисија: „Социјално претпријатие е субјект во социјалната економија чија главна цел е да оствари социјално влијание, пред да оствари профит за своите сопственици и акционери. Тоа делува на тој начин што произведува производи и/или услуги на пазарот на претприемачки и иновативен начин и својата добивка ја користи првенствено за постигнување на општествените цели. Со него се управува на отворен и одговорен начин и посебно, преку вклучување на вработените, купувачите и другите актери опфатени со неговите комерцијални активности".
**5. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО**. Терминот социјално претприемништво се појавува кон крајот на 1980 година во Италија, но и во други европски земји. Како дел од поширокиот контекст на социјалната економија, неговата цел е да ја означи широката разновидност на производно- услужните организации, чие основање не е засновано на

профит туку на социјална мотивација. Токму терминот „социјално претприемништво“ ја опишува примената на претприемачките активности кои имаат втемелено социјална цел. Социјалното претприемништво се појави како иновативен пристап за решавање на комплексните социјални потреби. Со акцент на решавањето на проблемите и социјалните иновации, социјално претприемачките активности ги поместуваат традиционалните граници помеѓу јавниот, приватниот и непрофитниот сектор и го истакнува хибридниот модел на профитни и непрофитни активности. Социјалното претприемништво може да се дефинира како акција која покажува 3 клучни карактеристики: социјалност, иновации и пазарна ориентација.

**6. СОЦИЈАЛЕН ПРЕТПРИЕМАЧ.** Социјалните претприемачи се индивидуалци со иновативни солуции за општествените горливи социјални проблеми. Тие се амбициозни и истрајни, справувајќи се со главните социјални прашања и притоа нудат нови идеи за промени во светски размери. Социјалниот претприемач како агент на промени во општеството: пионер на иновации од кои бенфицира општеството. Социјалните претприемачи се амбициозни, водени од мисијата, стратези, снаодливи и ориентирани кон резултати.

**7. СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ.** Социјалните иновации се однесуваат на развој и имплементација на нови идеи, производи/ услуги и/или модели кои се однесуваат на социјално- економските и еколошките предизвици и создаваат позитивни социјални промени. Тоа вклучува идентификување и задоволување на незадоволените општествени потреби и изнаоѓање на креативни и ефективни решенија за сложените општествени проблеми. Социјалните иновации може да се појават во различни области, вклучувајќи го образованието, здравството, животната средина, намалувањето на сиромаштијата и развојот на заедницата. Тоа често вклучува соработка помеѓу различни засегнати страни, вклучувајќи социјални претприемачи, непрофитни организации, влади и субјекти од приватниот сектор. Социјалните иновации се од суштинско значење за справување со сложените предизвици со кои се соочуваат општествата денес, вклучувајќи ја сиромаштијата, нееднаквоста, животната средина и социјалната исклученост. Социјалните иновации нудат нови и иновативни пристапи за создавање на позитивни социјални промени и трансформација на традиционалниот начини на размислување и извршување на работите.

**8. СОЦИЈАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ**. Социјалните инвестиции претставуваат таргетирани активности со цел да се развие економска средина која на социјалните претпријатија ќе им обезбеди пристап до финансии. Тука се вклучени финансиски инструменти како што се грантови, заеми, капитал и хибридни инструменти кои се фокусираат кон максимизирање на влијанието на социјалното претпријатие. Социјалните инвестиции се инвестиции кои се дизајнирани да се унапредат вештините и капацитетите на луѓето, како и да се обезбеди целосно учество во вработувањето.

**9. ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**. Во литературата постои широк спектар на дефиниции за одржлив развој. Станува збор за концепт што интегрира широк ранг на економски и општествени проблеми и проблеми кои се однесуваат на животната средина. Одржливиот развој ќе овозможи постојана корист по жител благодарение на меѓугенерациската солидарност. Оджрливиот развој започнува со одржливо работење (бизнис), а тоа во практика бара деловни луѓе што ќе наметнуваат промени во правец на еколошка ефикасност, иновации и општествена одговорност. Во насока на остварување одржлив развој, ЕК применува индикатори што ги одразуваат трендовите во социо-економскиот развој, одржлив модел на потрошувачката и на производството, социјалната вклученост, демографски промени, јавно здравство, климатски промени и енергија, природни ресурси, одржлив транспорт, како и трендовите во глобалното партнерство и доброто управување.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Анализа на состојбите и предизвиците за развој на социјалното претприемништво во Р. Македонија, Фондација Фридрих Еберт, канцеларија Скопје, Скопје, 2016 година;
2. Маријан Ицоски, Олга Рајчиќ, Основна студија за социјалните претпријатија во Северна Македонија, Национален Младински Совет на Македонија, 2022 година;
3. НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (2021-2024), Влада на Р. С. Македонија, пристапено од: https://www.mtsp.gov.mk/content/%D0%A4%D0%98%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%9D%D0%90%20%D0%92%D0%95%D0%A0%D0%97%D0%98%D0%88%D0%90%20NACIONALNA%20STRATEGIJA%20ZA%20SP%2009112020.pdf
4. М-р Здравко Вељанов, ОД ПОДОБРА ПРАВНА РАМКА КОН РАСТЕЧКА КЛАСА НА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО МАКЕДОНИЈА, Смарт Старт;
5. Министерство за труд и социјална политика на Р. Северна Македонија, пристапено од: https://www.mtsp.gov.mk/noemvri-2021-ns_article-otvoren-prviot-nacionalen-centar-za-poddrshka-na-socijalnite-pretprijatija.nspx;
6. Privredna Komora Srbije, Metodologija za mapiranje socijalnih preduzeca u Srbiji I merenje impakta, Novembar 2021;
7. Flash Eurobarometer 513, Social Entrepreneurship and Youth, Report, March 2023, https://europa.eu/eurobarometer/surveys/detail/2670;
8. Климентина Илијевски и Александра Илоска, Анализа на капацитетите на социјалните претпријатија во Северна Македонија Студија за политиките, Паблик со поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), Скопје, 2019;
9. Климентина Илијевски и Александра Илоска, Одржливите практики на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија - прв чекор во градењето одржливо општество, Паблик со поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), Скопје, 2019;
10. Carlo Borzaga Giulia Galera Barbara Franchini Stefania Chiomento Rocío Nogales Chiara Carini, SOCIAL ENTERPRISES AND THEIR ECOSYSTEMS IN EUROPE, Comparative synthesis report, http://ec.europa.eu/social/publications;
11. Strategija razvoja društvenog poduzetništva u Republici Hrvatskoj za razdoblje od 2015. do 2020. godine, достапна на линк:
12. The better entrepreneurship policy tool social entrepreneurship self-assessment statements, OECD, https://betterentrepreneurship.eu/
13. Boosting Social Entrepreneurship and Social Enterprise Development in Lithuania IN-DEPTH POLICY REVIEW, OECD/European Union, 2019
14. Victorian Social Enterprise Strategy 2021-2025, https://djsir.vic.gov.au/__data/assets/pdf_file/0018/2036205/DJPR-Victorian-Social-Enterprise-Strategy.pdf